РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 06. 07. 2026
Орг.Един. | Број | Прилог | Вред.
11 | 95
2849

( Образец ПП......)

**До: Општина Битола**

**Ул. Булевар 1-ви мај бр.61 Битола, Северна Македонија**

(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

Бараните информации се потребни за потребите на проектот „Зајакнување на локалната отчетност и транспарентност преку мониторинг на локални мерки и политики", кој го спроведува Здружението за меѓународна младинска соработка ИНТЕРАКТИВ – Битола со поддршка на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

Во рамки на проектот се спроведува мониторинг на мерките поврзани со изработка на стратегија за развој на зеленило и поставување на подземни садови за комунален отпад, со цел обезбедување објективни податоци за нивното планирање, спроведување и резултати. За таа цел, потребни се следните инфрмации:

**1. Јавни набавки**

1.1. Информација дали во текот на 2026 година е спроведена или е во тек постапка за јавна набавка поврзана со изработка изработка на Стратегија за развој на зеленило.

Доколку е започната или спроведена таква постапка, да се доставаат:

- број и назив на постапката;
- статус на постапката;
- избран економски оператор (доколку е избран);
- вредност на договорот;
- рок за реализација.

1.2. Информација за поставување на подземни садови за комунален отпад на територијата на општина Битола, односно:

- дали се избрани локации за изградба на подземните садови;
- дали е донесен акт или одлука за утврдување на локациите;
- дали се прибавени сите потребни согласности, мислења, одобренија и дозволи од надлежните институции;
- околку не се прибавени, во која фаза се наоѓа постапката;
- дали е изработена проектна документација;
- кога е планирано отпочнување на реализацијата.

**2. Статистички податоци и реализација на мерката**

**2.1. Извештаи и статистички податоци за периодот од 01.01.2026 година до денот на доставување на одговорот за:**

**Во однос на Стратегијата за развој на зеленило:**

- дали е започната постапката за изработка на Стратегијата;
- во која фаза се наоѓа изработката;
- дали е изработена работна верзија;
- дали е усвоена Стратегијата од Советот на Општина Битола.

**Во однос на поставувањето на подземни садови за комунален отпад:**

- број на планирани подземни садови;
- број на поставени подземни садови;

- локации на поставените подземни садови;
- финансиски средства реализирани за оваа намена;
- планирани активности до крајот на 2026 година.

**3. Учество на јавноста**

3.1. Записници од јавни расправи, форуми или консултации поврзани со изработка на стратегија за развој на зеленило и поставување на подземни садови за комунален отпад.

3.2. Записници и одлуки од седници на Советот на Општина Битола на кои се разгледувале прашања поврзани со изработка на стратегија за развој на зеленилото и поставување на подземни садови за комунален отпад.

**4. Слободен пристап до информации од јавен карактер**

4.1. Информација за поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер поврзани со изработката на Стратегија за развој на зеленило и поставувањето на подземни садови за комунален отпад во периодот од 01.01.2026 година до денот на доставување на одговорот.

4.2. Број на поднесени барања и статус на постапување по нив.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид

- б) препис

**- в) фотокопија**

**- г) електронски запис**

- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта

- б) телефон

- в) факс

**- г) е-маил**

- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Во Битола, 06.07.2026 година** __________[redacted]__________

(доколку барање[redacted] во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за урбанистичко планирање
и заштита на животна средина

Бр.11-95/2
08.07.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-95/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

Примил:
08.07.2026

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 17.07.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 95/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**
Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
Бр.31-сл. од 13.07.2026 година
Битола

До
Марија Атанасовска
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер, предмет бр.11-95/2 од 08.07.2026год.

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.11-95/2 од [redacted]год, испратено до Општина Битола од страна на [redacted] - Битола, Ви ги доставуваме следните информации:

**Поставување на подземни садови за комунален отпад**

- Податоци за локации за поставување на подземни садови за комунален отпад
Подземните садови ќе бидат поставени на три локации, и тоа:
- Локација 1: ул. „Партизанска“ – во непосредна близина на Ракометно игралиште,
- Локација 2: ул. „Добривоје Радосављевиќ“ – точно наспроти „Стаклена зграда“, во централното градско подрачје,
- Локација 3: ул. „15-ти Мај“ – на просторот кај Градскиот пазар, во близина на заштитните синџири за влез.

- Финансиските средства за поставување на подземни садови за комунален отпад се предвидени во вредност од 3.000.000,00 денари од Буџетот на Општина Битола за 2026година - 426990 RA, а согласно Програма за животна средина за 2026година

- Ова е координиран проект каде што Општина Битола е носител на стратешката рамка (преку Програмата за заштита на животната средина и Програмата за урбана опрема на јавна површина на подрачјето на Општина Битола), додека ЈП „Комуналец“ Битола е директен имплементатор и оператор на терен.
Проектот за поставување на подземните садови на трите нови локации е одобрен од Општина Битола и моментално се чека правосилност на Решението за одобрување.

- Реализацијата на овој проект е резултат на координирана институционална постапка, каде што, ЛП ‚Комуналец‘ Битола ја донесе првичната Одлука (бр. 02-211/5 од 31.03.2026г.) за утврдување на техничките локации, по што Советот на Општина Битола даде соодветна согласност и одобрување преку Решение бр.09-46/6 од 08.04.2026год.
  - Одлука на Совет на Општина Битола број Бр 09-137/24 од 29.12.2025 год. за донесување на Програма за за животната средина во Општина Битола за 2026 година
  - Решение за давање на согласност на Одлуката за поставување на подземни садови за отпад на ЛП Комуналец Битола бр.09-46/6 од 08.04.2026год.
  - Одлука на Совет на Општина Битола број 09-43/8 од 31.03.2026 год. за донесување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола 2025–2026 (‚Сл. гласник на Општина Битола‘ бр. 04/2026)

**Изработка на Стратегија за развој на зеленило**

Согласно Законот за урбано зеленило, општините имаат надлежност да подготват и предложат до советот на единицата на локалната самоуправа Стратегија за развој на зеленилото, која ги дава насоките за креирање на планските решенија во делот на зеленилото при изработката на сите планови и проекти и ја следи неговата реализација во поглед на заштита и унапредување на системот на зеленило.

- Во моментот Општина Битола е во фаза на изработка на техничка спецификација за распишување на јавна набавка за избор на изработувач на Стратегија за развој на зеленилото на Општина Битола.
- Финансиските средства за изработка на Стратегија за развој на зеленило се предвидени во вредност од 1.500.000,00 денари од Буџетот на Општина Битола за 2026година - 426990 R1, а согласно Програма за животна средина за 2026година
- Одлука на Совет на Општина Битола број Бр 09-137/24 од 29.12.2025 год. за донесување на Програма за за животната средина во Општина Битола за 2026 година

Со почит,
Изработил: Катерина Секулоска

Раководител на Одделение за УП и ЗЖС

М-р Валентина А. Кривашија диа

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-95/4
10.07.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] , поднесено на **06.07.2026 година**, иматело на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] **Битола** по барање за пристап до информација од јавен карактер **бр.11-95 од 06.07.2026 година**, каде бара информации за спроведена постпка за јавна набавка за стратегија за развој на зеленило,поставување на подземни садови за комунален отпад на терторијата на Општина Битола, статистики подадоци за развој на зеленило и поставување на подземни садови.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барател[redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер[redacted]ведено под број **11-95** на ден **06.07.2026година**. Во барањето наведе дека бара информации спроведена постпка за јавна набавка за стрaтегија за развој на зеленило,поставување на подземни садови за комунален отпад на терторијата на Општина Битола, статистики подадоци за развој на зеленило и поставување на подземни садови.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-95/1 од 06.07.2026 год.
2.Допис до одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр. 11-95/2 од 08.07.2026 год.
3. Одгвор од одделние за урбанистичко планирање и заштита за живтона средина со бр.11-95/3 од 17.07.2026 год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 17.07.2026 година, под бр. 11-95/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Марија Атанасовска**
------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА